The Institute of
Internal Auditors
North Macedonia

# ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВНАТРЕШНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| **Наслов:** | Собрание на Здружението на внатрешни ревизори на Република Северна Македонија |
| **Датум и време:** | 27.03.2023 година, 15 ч. |
| **Претседавач со собранието:** | Билјана Секуловска |
| **Достава и пристап до записникот:** | До сите членови на Здружението на внатрешни ревизори на Македонија објавено на веб сајтот |
| **Доставени материјали:** | - Дневен ред на Собранието<br>- Записникот од претходната Седница<br>- Избор на нов член на УО / Правилник за номинација и избор на членови на УО<br><br>Материјалите беа доставени на веб сајтот на ЗВРРСМ www.aiam.org.mk |
| **Присутни членови:** | 39 членови (24 физички присутни, а 15 со претходно дадено полномошно) |
| **Записничар** | Мирела Хасановиќ |

На ден 27.03.2023 година во 15ч се одржа Собрание на Здружението на внатрешните ревизори на Република Северна Македонија во просториите на Економскиот факултет во Скопје.

Бидејќи кворумот за работа на Собранието се обезбедува со присуство на 50% плус еден член од вкупниот број на членови, а на ова Собрание бројот на членови беше под 50%, седницата се одложи половина час, онака како што е пропишано во Статутот и потоа започна на истото место и со истиот Дневен ред.

Седницата ја отвори и ја водеше Претседателот на ЗВРРСМ Билјана Секуловска, Записничар беше Мирела Хасановиќ.

На седницата присуствуваа 39 членови на ЗВРРСМ од кои 24 беа физички присутни, а 15 со претходно дадено полномошно кои едногласно го прифатија предложениот Дневен ред.

Следните точки, во рамките на Дневниот ред беа предмет на дискусија на Годишното Собрание на ЗВРРСМ:

1. Усвојување на Записникот од претходното Собрание
2. Избор на Член на Управен Одбор

Дискусии по точките на дневниот ред:

**1.Усвојување на записникот од претходната седница на Собранието**
Записникот од претходната седница на Собранието беше ставен за усвојување. Записникот беше едногласно усвоен од сите присутни членови на Собранието.

**2. Избор на Член на Управен Одбор**
Поради истекот на мандатот во наредниот период на 1 од 7 членови на Управниот Одбор истакната беше потребата за (ре)избор на нов член на УО. Согласно Статутот, Здружението има можност за максимален број од девет члена на УО. Со тоа, максимален број на отворени места за избор на членови на УО беше 1 (еден член).
За таа цел беше доставен оглас за пријавување на заинтересирани кандидати за членови на УО.
За изборот на членови на УО беше формирана Номинациона комисија составена од следниве членови: Билјана Секуловска, Билјана Диневска и Валон Омери.
Беа пријавени 4 кандидати за кои Номинационата комисија констатира дека ги задоволуваат условите да се пријават за член на УО и отпочна гласањето.
Гласањето беше анонимно со изјаснување на гласачки ливчиња од секој присутен член на Собранието. Секој член имаше можност да гласа за максимум 1 кандидат од пријавените.
Од пријавените 4 кандидати избран беше кандидатот со максимален број на гласови за членови на УО со што се пополни максималниот број на девет членови на УО согласно Статутот на Здружението.

Резултати од гласањето:

| Реден број | Кандидат за член на УО | Вкупно број на гласови |
|---|---|---|
| 1 | ГОРАН ДАМЕВСКИ | 27 |
| 2 | ВАЊА ДОРАКОВСКИ | 11 |
| 3 | МИЛАИМ АБДУРАИМИ | 1 |
| 4 | НАДА ТЕМЕЛКОСКИ | 0 |

За член на УО беше реизбран Горан Дамески со најмногу гласови. Членот на УО е со мандат од 4 години започнувајќи од 27.03.2023 до 27.03.2027 година.

Бидејќи беа исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот ја затвори седницата.

Претседавач на Собранието:
Билјана Секуловска ____________________

Записничар на Собранието
Мирела Хасановиќ ____________________

27.03.2023 Скопје